КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

СОБРАНИЕ
НА КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА РС МАКЕДОНИЈА
ЗА 2024 ГОДИНА

Скопје, февруари 2025 година

КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА РС МАКЕДОНИЈА

СОДРЖИНА:

Дневен ред..... 3 стр.

Записникот од седницата на Редовното Собрание на Карате федерацијата на РС Македонија, одржано на 03.02.2024 година……..... **4 стр.**

Разгледување и усвојување на Извештајот за работа на Карате федерацијата на РС Македонија, за периодот 01.01.2024 до 31.12.2024 година…….…..…….....…**15 стр.**

Разгледување и усвојување на Извештајот на Одборот за контрола за работата на Карате федерацијата на РС Македонија, за периодот 01.01.2023 до 31.12.2023 година.....**91 стр.**

Финансов Извештај на Карате федерацијата на РС Македонија со Завршна сметка, за периодот 01.01.2024 до 31.12.2024 година ……..……..... **92 стр.**

Програма за работа на Карате федерацијата на РС Македонија и Финансиски план за периодот 01.01.2024 до 31.12.2024 година. …….....…….....… **97 стр.**

Врз основа на член 28, став 1 од Статутот на Карате федерацијата на РС Македонија, свикувам Годишно Собраниена КФРСМ со следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Избор на работни тела на Собранието:
   - Верификациона комисија;
   - Записничар и
   - Оверувачи на записникот.
2. Разгледување и усвојување на Записникот од седницата на Собранието на Карате федерацијата на РС Македонија, одржана на 03.02.2024 година;
3. Разгледување и усвојување на Извештајот за работа на Карате федерацијата на РС Македонија, за периодот 01.01.2024 до 31.12.2024 година;
4. Извештај на Одборот за контрола за работата на Карате федерацијата на РС Македонија, за периодот 01.01.2024 до 31.12.2024 година;
5. Финансов извештај на Карате федерацијата на РС Македонија за 2024 година и негово усвојување со завршната сметка, за периодот 01.01.2024 до 31.12.2024 година;
6. Разгледување и усвојување на Програма за работа на Карате федерацијата на РС Македонија и Финансиски план за периодот 01.01.2025 до 31.12.2025 година.
7. Прием на нови членови - клубови во КФРСМ;
8. Разно, предлози, прашања.

Собранието ќе се одржи во просториите на Даре Џамбаз, на 15 февруари 2025 година (сабота), со почеток во 11:00 часот.

Право на учество и право на глас имаат клубовите кои ги исполнуваат условите од член 16 и 19 од Статутот на КФМ, односно само клубовите кои имаат платено членарина за 2024 година, имаат решение за вршење дејност спорт и имаат активности/настап на натпревари кои ги организира КФМ во изминатите две години (2023 и 2024 година). Клубовите кои имаат уплатено годишна членарина и ги исполнуваат претходните услови добиваат гласачко картонче.

Согласно со член 26, став 2 од Статутот на КФМ Собранието го сочинуваат претседателите на клубовите - членки на Федерацијата. Претседателот на клубот може да ополномошти и друго лице од клубот кое ќе го претставува клубот на седницата на Собранието.

Сите делегати треба да донесат полномоштво од клубот со печат.

На седницата на Собранието ќе се разгледуваат само материјали кои се доставени во писмена форма, најмалку 3 дена пред одржување на седницата на Собранието.

Сите делегати треба да донесат полномоштво од клубот со печат.

Претседател,
Дејан Чолески с.р.

ЗАПИСНИК

од редовното Годишно Собрание на Карате федерацијата на РС Македонија, одражано на ден 03.02.2024 година, во Домот на хуманитарните организации „Даре Џамбаз“ во Скопје

Претседателот на КФРСМ Дејан Чолески, го отвори денешното Собрание, поздравувајќи го најпрвин претседателот на Македонскиот олимписки комитет г-дин Даниел Димевски, поранешните претседатели на федерациајата како и сите присутни гости и претставници на клубовите членки на Федерацијата. По усвоните зборови членовите на Собранието, го прифатија предлогот од претседателот на Федерацијата и едногласно го усвоија следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Избор на работни тела на Собранието:
   - Верификациона комисија;
   - Записничар и
   - Оверувачи на записникот.
2. Разгледување и усвојување на Записникот од седницата на Редовното Собрание на Карате федерацијата на РС Македонија, одржано на 11.02.2023 година;
3. Разгледување и усвојување на Записникот од седницата на Вонредното Собрание на Карате федерацијата на РС Македонија, одржано на 26.11.2023 година;
4. Предлог за измени и дополнување на Деловникот за работа на Собранието на Карате федерацијата на РС Македонија;
5. Предлог за измени и дополнување на Правилникот за работа Дисциплинската комисија на Карате федерацијата на РС Македонија;
6. Разгледување и усвојување на Извештајот за работа на Карате федерацијата на РС Македонија, за периодот 01.01.2023 до 31.12.2023 година;
7. Разгледување и усвојување на Извештајот на Одборот за контрола за работата на Карате федерацијата на РС Македонија, за периодот 01.01.2023 до 31.12.2023 година;
8. Финансов Извештај на Карате федерацијата на РС Македонија со Завршна сметка, за периодот 01.01.2023 до 31.12.2023 година;
9. Програма за работа на Карате федерацијата на РС Македонија и Финансиски план за периодот 01.01.2024 до 31.12.2024 година;
10. Разно, предлози, прашања.

Точка 1.

Претседателот предложи да се изберат потребните органи како Собранието би можело полноправно да работи и се изврши избор на работни тела во следниот состав:

Верификациона и изборна комисија:
1. Ахмедин Марукиќ, претседател
2. Лазар Јорданов и
3. Даут Билибани.

Записничар:
1. Игор Миноски

Оверувачи на записникот:
1. Благој Атанасов и
2. Марко Костов.

По предлогот на претседателот членовите на Собранието едногласно ја донесоа следната

ОДЛУКА

СЕ ИЗБИРААТ работни тела на Собранието во следниот состав:

Верификациона и изборна комисија:
1. Ахмедин Марукиќ, претседател
2. Лазар Јорданов, член и
3. Даут Билибани, член.

Записничар:
1. Игор Миноски

Оверувачи на записникот:
1. Благој Атанасов и
2. Марко Костов.

Верификационата комисија се повлече за да изврши увид во доставените полномошна и да ја утврди бројноста на присутните членови на Собранието. По извесно време, претседателот на Верификационата комисија Ахмедин Марукиќ ги информираше членовите на Собранието дека од вкупно 79 клубови, присутни се 63 членови на клубови - делегати со право на глас, со што се констатира дека Собранието има кворум за работа и може полноправно да работи и одлучува.

Точка 2

Во врска со втората точка од дневниот ред разгледување и усвојување на Записникот од Редовното Собрание на КФРСМ одржано на ден 11.02.2023 година, истиот беше едногласно прифатен по што Собранието ја донесе следната

ОДЛУКА

Се усвојува Записникот од Редовното Собрание на КФРСМ одржано на ден 11.02.2023 година.

Точка 3

Во врска со третата точка од дневниот ред разгледување и усвојување на Записникот од Вонредното Собрание на КФРСМ одржано на ден 26.11.2023 година, истиот беше едногласно прифатен по што Собранието ја донесе следната

ОДЛУКА

Се усвојува Записникот од Редовното Собрание на КФРСМ одржано на ден 26.11.2023 година.

Точка 4

Во врска со четвртата точка од дневниот ред по предлогот за измени и дополнување на Деловникот за работа на Собранието на Карате федерацијата на РС Македонија, претседателот Чолески даде збор на членот на ИО Катерина Јаковлеска Богоеска која ја образложи потребата од измени и дополнување на Деловникот за работа на Собранието потребата од информирање на сите членови за состојбите во Карате федерацијата на РС Македонија како и заради потребниот кворум за работа на Собранието, по што се пристапи кон гласање од кои со 46 делегати за, 16 против и 1 воздржан се донесе следната

ОДЛУКА - ДЕЛОВНИК

за изменување на дополнување на Деловникот за работа на Собранието на Карате федерацијата на Република Северна Македонија

1. Со оваа одлука се менува и дополнува чл.12 од Деловникот за работа на Собранието на Карате федерацијата на Република Северна Македонија донесен од страна на КФМ на ден 26.01.2019 година, така што се брише ст.2 од овој член а се додаваат нови ст.2, 3 и 4, кои гласат:

„Ако на седница на Собрание не присуствува претседателот на клубот или од него овластено лице согласно статутот, клубот писмено ќе се предупреди од Федерацијата.

Ако на седници на Собранието не присуствува претседателот на клубот или од него овластено лице согласно статутот и по известувањето од Федерацијата, повторно не присуствува на следното Собрание, на клубот се изрекува мерка согласно Правилникот за работа на дисциплинскиот правилник на КФРСМ.

Ако на седници на Собранието не присуствува претседателот на клубот или од него овластено лице согласно статутот, 5-пет пати во текот на последните 5-пет години, на клубот се изрекува мерка согласно Правилникот за работа на дисциплинскиот правилник на КФРСМ, а може да се изречат мерки забрана за вршење дејност (суспензија) или исклучување согласно Правилникот за работа на дисциплинскиот правилник на КФРСМ.

2. Овој Деловник влегува во сила со денот на неговото донесување и истиот преставува составен дел на Деловникот за работа на Собранието на Карате федерацијата на Република Северна Македонија и да се изготви пречистен текст на Деловникот.

Точка 5

Во врска со петтата точка од дневниот ред а по предлогот за измени и дополнување на Правилникот за работа на Дисциплинската комисија претседателот Чолески даде збор на претседателот на Дисциплинската комисија Бојана Милосављевиќ која ја образложи потребата од предложените измени и дополнувања на Правилникот. Пред се самите изменувања и дополнувања претставуваат доградба ан постоечкиот Правилник и претставуваат измена од само 10% од истиот. Потребата од измена се јавува поради потребите кои ги наметнува времето, новите односи и настани условени од осовременување и модернизацијата на односите во општеството, како и други потреби и состојбикако например, потребата од бришење на терминте гонгови, штоперици, просторија за комесари, судии и слично.

Исто така, беше разгледано и укажувањето од Одборот за контрола, а по барањето за вршење на контрола на работењето на Карате федерацијата на РС Македонија и измените на правилникот за дисциплинска комисија поднесено од Елвир Куртановиќ и Мирче Јанушевски, а во врска со меркатазабрана за вршење на дејност. При тоа, Бојана Милосављевиќ укажа дека делумно е прифатено нивното барање и извршено е дообјаснување на мерката забрана за вршење дејност при што појасни дека истата претставува суспензија во рамките на федерацијата на дејноста на клубот и таа мерка се разликува од мерката што може да ја изрече Агенцијата за млади и спорт или со дејност којачленовите можат да ја вршат како граѓани согласно уставоти законите. Таа понатаму укажа, дека токму поради почитување на дисциплината, коректното спортско однесување и постигнување на врвни спортски резултати придонесеКарате федерацијата да се прогласи последните 15 години, три пати за најдобра федерација во Република Македонија. Дека членовите и натпреварувачите коректно се однесуваат именованата укажа дека сите нејзини членови, натпреварувачи, судии и слично го почитуваат Правилникот и последните 4 години воопшто нема изречена ниедна дисциплинска мерка. За да продолжиме на ист начин со почитвање на редот и дисциплината кои се основа на карате спортот предложи да се усвои предложениеот Правилник за изменувања и дополнувања на Правилникот, по што се пристапи кон гласање од кои со 48 делегати за, 14 против и 1 воздржан се донесе следниот

ПРАВИЛНИК

за изменување и дополнување на Правилникот за работа на дисциплинската комисија на Карате федерацијата на Република Северна Македонија

Член 1

Се менува и дополнува Правилникот за работа на дисциплинската комисија на Карате федерацијата на Република Северна Македонија (пречистен текст) донесен од страна на КФРСМ на ден 11.02.2023 година и тоа:

1. Во чл.8 ст.1 т.1 од Правилникот, после зборот „дејност“ се додаваат зборовите: „во рамките на КФРСМ (суспензија)“.

Во чл.8 ст.2 од правилникот, се бришат зборовите: „трајна забрана за натпреварување“, а ќе стои: „мерка исклучување од федерацијата,“.

Во чл.8 ст.3 од правилникот, после зборот „дејност“ се додава зборот „(суспензија)“, а зборот (суспензија)“. Во третиот ред од ст.3 се брише“. Исто така, во истиот став 2 после зборот „изрече“ се бришат зборовите „трајна забрана за вршење работи во“, а ќе стои: „мерка исклучување од“.

Во чл.8 ст.4 после зборот „дејност“ се додава зборот„(суспензија)“. Во истото ст.4 се бришат зборовите: се бришат зборовите: „трајна забрана за вршење на работи во“, а ќе стои: „мерка исклучување од“.

Во чл.8 ст.5 од правилникот после зборот „повлекува“ се брише зборот „трајно“ и после зборот „КФРСМ“ се додаваат зборовите „согласно овој правилник“.

Во чл.8 ст.8од Правилникот се преформулира и истиот ќе гласи:

„Мерката исклучување од КФРСМ се изрекува по предлог на Извршниот одбор од страна на дисциплинската комисија, занајтешки престапи предвидени со овој правилник“.

2. Членот 9 од Правилникот се преформулира и истот станува став1 и гласи:

„По донесувањето на решението за изречена парична казна, сторителот до измирување на паричната казна не може да настапува на натпревари, не може да го преставува и застапува клубот, не може да учествува во работата на Собранието и другите органи, како и да превзема други активности предвидени со статутот и другите акти на федерацијата“.

Во чл.9 од Правилникот се додава нови ст. 2, 3 и 4 кои гласат:

„Доколку клуб, тренер, натпреварувач или друг член на Федерацијата, на кој со одлука му е изречена дисциплинска мерка – парична казна, не постапи по решението и паричната казна не ја плати во рок од 3-три месеци од правосилноста на одлуката, поради непочитување на одлуката на дисциплинската комисија како надлежен орган на Федерацијата, дисциплинската комисија му изрекува нова парична казна во двоен износ од првобитно изречена казна.

Доколку и во нареден период од 6-шест месеци, не се плати паричната казна по првото и второто решение, во тој случај дисциплинската комисија со ново решение со паричните казни и по првото и по второто решение ќе го задолжи клубот, за кој тренерот или натпреварувачот се регистрирани или за кој настапуваат.

Ако паричната казна не се плати од страна на клубот во рок од 3-три месеци од донесување на решението, против клубот, тренерот или натпреварувачот ќе се поведе постапка за забрана за вршење на дејност (суспензија) или исклучување од КФРСМ согласно чл.8 ст.2, 3, 4 и 8 од овој Правилник а по предлог на Извршниот одбор на Федерацијата“.

3. Во член 10 став1 т.9 од Правилникот, се бришат зборовите: „просторија за работа на комесарот“, како и зборовите „штоперици, гонгови“.

Во чл.10 ст.1 т.14 од овој Правилник, бројот „150“. се заменува со број „500“.

Во член 10 ст.1, се додаваат нови точки 24, 25 и 26, кои гласат:

„24. Доколку одреден клуб, член на КФРСМ, со свои натпреварувачи учествува на натпревар кој не е вклучен во календарот на натпревари на федерацијата која е членка на ВКФ, а се работи за прв пат, во тој случај клубот се казнува со К=500 а натпреварувачот со К=100. Доколку делото се стори по втор пат во тој случај казната се зголемува за 3-три пати. Доколку делото се повтори по трет пат, во тој случај се постапува согласно чл.8 ст. 2, 3, 4 и 8 од овој Правилник“.

25. Ако организатор на државно или на клубско првенство во салата каде се организира натпреварот нема истакнато државно знаме на РС Македонија и амблемот на КФРСМ или при свеченото отворање не се интонира државната химна (може да се користи оригинална целосна верзија, скратена верзија или инструментална верзија), се казнува со К=200.“

26. Клуб кој организира клубски или меѓународен натпревар на кое имаат право на учество само клубови или натпреварувачи по расна, верска или друга дискриминаторска основа, во тој случај организаторот се казнува со К= 500 а за потешки случаи може да се поведе и постапка согласно чл.8 ст. 2, 3, 4 и 8 од овој Правилник. “

4. Во чл.11 ст1 т.7 одправилникот се преформулира и гласи: „7. Во потешки случаи и повреди на судиските правила, на барање на комесарот а по предлог на Извршниот одбор, на судија може да му се изрече мерката парична казна К=200 и забрана за вршење дејност (суспензија во траење до 1-една година“.

Во чл.11 во т.8 после зборот „предлог од“ се бришат зборовите „Дисциплинска комисија“, а после зборот „одбор“ се додаваат зборовите: „дисциплинската комисија“. Исто така во оваа точка 8, после зборот „вршење“ се додава зборот „дејност (суспензија)“, додека се бришат зборовите „за вршење на било која функција“.

Во чл.11 т.12 од правилникот, после зборот „вршење“, се додаваат зборовите: „дејност (суспензија)“.

5. Во чл.12 т.10 од правилникот, на почетокот после зборот „Ако“ се додаваат следните зборови: „службено лице (шеф на делегација, комесар на натпревар или врховен судија) не поднесат пријава за сторен дисциплински престап за време на натпреварувањето или за време на патувањето, како и“.

Во чл.12 ст.1 т.12 после зборот „забрана“ се додаваат зборовите „вршење на дејност дејност (суспензија)“, се бришат зборовите „за учество“.

Во чл.12 од Правилникот, после последниот став се додаваат нови точки 15, 16 и 17, кои гласат:

„15. Доколку репрезентативци кои учествуваат на меѓународи натпревари се подвојуват при патувањето или сместувањето по соби врз основа на расна, верска или етничка основа или за време на патувањето, престојот и одржување на натпреварот манифестираат со тело или раце разни симболи (кукасти крстови, симболи на птици или дигање на два или три прста и други националистички симболи) или натпреварувачите и членовите на КФРСМ на социјалните мрежи предизвикуваат етничка, верска или расна нетрпеливост со симболи погоре опишани, ќе се казнат со К= 300.

16 Ако службено лице (тренер, водач на пат, лекар, судија, натпреварувач или друго службено лице) ја даде својата акредитација на користење на друго неовластено лице, во тој случај и лицето кое ја дава акредитацијата и лицето кое неовластено ја користело акредитацијата, ќе се казнат со парична казна К=200.

17. Ако на Собраниена КФРСМ (редовно или вонредно), некој делегат или друг присутен, кој е член на клуб кој членува во КФРСМ, со своето однесување, говор или постапки, зборува со навредливи зборови за членовите на Собранието, Извршниот одбор, Претседателот и другите органи на Федерацијата, насилнички се однесува, се заканува со употреба на сила, не го почитува редот и дисциплината и ја попречува работата на Собранието, ќе се казни со парична казна

К=1000, а доколку дојде до физички напад и тепачка, покрај паричната казна, ќе му се изрече и мерка забрана за вршење надејност во Федерацијата (суспензија), аако последиците се потешки во тој случај може да се изрече и исклучување од КФРСМ, согласно одредбите од овој правилник.

6. Во чл.12-а ст.2 од правилникот, се бришат зборовите:„трајна забрана за вршење на дејност“, а ќе стои:„ мерка исклучување“.

7. Во чл.13 ст.1 од Правилникот, пред зборот „КФРСМ,“ се додаваат зборовите „како и други членови на“.“

Во чл.13 ст.1 т.6 од правилникот, се заменува со текстот:

„Доколку член на Федерацијата смета дека му е повредено некое право или смета дека има неправилности во работата на надлежните органи, должен е задолжително да поднесе писмен поднесок до Извршниот одбор или Одборот за контрола согласно Статутот и другите актии бара заштита внатре во Федерацијата. Доколку не се постапи на овој начин туку се поднесуваат барања до надворешни лица или директно на клубовите и се прескокнуваат надлежните органи на КФРСМ, во тој случај на сторителот му се изрекува парична казна К=200.“

Во чл.13 ст.1 т.6 од правилникот станува т.9 во истиот член.

Во чл.13 ст.1 т.7 од правилникот, зборот „Како“ се заменува со зборот „Кога“.

Во чл.13 ст.1 т.7 од правилникот, на крајот од оваа одредба пред точката се додаваат следните зборови: „се изрекува парична казна К=150“.

Во чл.13 ст.1 после т. 7 се додава нова т.8, која гласи:

„Ако клуб или друго службено лице врши злоупотреба со логоата на ВКФ, ЕКФ и КФРСМ, истите неправилни ги става на свои дипломи, благодарници, покани или на друг начин, ќе се казни со парична казна К= од 300 до 500“.

Во чл.13 ст.3 од Правилникот, после зборот „изрекува“, се додаваат зборовите: „парична казна во висина К=од 250 до 500“ а по зборот „години“ во истиот став, се додаваат зборовите: „а за потешки случаи трајно исклучување од Федерацијата по предлог на Извршниот одбор.

8. Во член 14-а став 1 од Правилникот, после зборот „орган“ се додава: „(извршен одбор, одбор за контрола, регистрациона комисија, натпреварувачка комисија, лекарска комисија, судска комисија, директор на репрезентацијата, селекторите и комесарите)“.

Во чл.14-а се додава нов став 2, кој гласи:

„Ако подносител на пријавата е надлежен орган или службено лице предвидени во ст.1 од овој член, во тој случај не се плаќа предвидената такса.“

Во чл.14-а ст.3 ќе гласи:

„Доколку подносител на пријавата за поведување на дисциплинска постапка е клуб, тренер на клуб, натпревурувач или друго физичко лице член на Федерацијата, во тој случај подносителот е должен со пријавата да поднесе уплата на такса на жиро сметка на КФРСМ, во висина на 1-една судска такса, која се определува според висината на надоместокот предвиден за судија со балканска лиценца според ценовникот донесен од страна на Извршниот одбор на КФРСМ.“

Сегашниот ст.3 во чл.14-а, станува ст. 4.

9. Во чл.20 ст.2 од Правилникот, после зборот „автоматски“ се додаваат следните зборови: „настапуваат правни последици во смисла на чл.9 од овој правилник“.

Во чл.20 ст.3 од Правилникот, се брише зборот „суспензијата“, а ќе стои: „Правните последици од неплаќање автоматски се укинуваат“.

Во чл.20 се додава нов ст.4, кој гласи:

„Правните последици од невршење на обврските според ст.1 и 2 од овој став не се применуваат одредбите за застареност предвидени во чл.8 од овој Правилник“.

10. Во чл.24 од овој Правилник, се додаваат нови ст.2, 3, 4 и 5 кои гласат:

„Ако на седница на Собрание не присуствува претседателот на клубот или од него овластено лице согласно статутот, клубот ќе се писмено предупреди од Федерацијата.

Ако на седници на Собранието не присуствува претседателот на клубот или од него овластено лице согласно статутот, 2-два пати, на клубот се изрекува мерка парична казна К= 200. Са секое наредно недоаѓање казната се зголемува со К=100 (за 3-три пати К=300,за 4-четири К=400).

Ако на седници на Собранието не присуствува претседателот на клубот или од него овластено лице согласно статутот, 5-пет пати во текот на последните 5-пет години, на клубот се изрекува мерка парична казна К= 500 и се изрекува мерка забрана за вршење дејност (суспензија) или исклучување согласно чл.8. ст.8 од овој правилник“.

Член 2

На сите места каде во правилникот е предвиденамерка „забрана за вршење дејност“, после зборот дејност да се додаде зборот „(суспензија)“.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила 8 ден од неговото донесување и истиот преставува составен дел на Правилникот за работа на дисциплинската комисија на Карате федерацијата на Република Северна Македонија (пречистен текст) донесен од страна на КФРСМ на ден 11.02.2023 година. Собранието го донесе следниот

ЗАКЛУЧОК

Да се изготви пречистен текст од Правилникот за работа на Дисциплинската комисија на КФРСМ во кој да се внесат најновите измени и дополнувања на Правилникот за работа на Дисциплинската комисија на КФРСМ.

Точка 6

Во врска Извештајот за работа на Карате федерацијата на РС Македонија, за периодот 01.01.2023 до 31.12.2023 година, најпрво свој осврт за успесите за истиот период даде Претседателот Дејан Чолески.

Тој истакна дека како и во претходните години така и изминатата 2023 година Карате федерацијата ја заврши на најдобар можен начин. И овогодинешниот избор на најдобри спортисти за 2023 година организиран од страна на АМС и ССФМ тоа го потврди, каде и овој пат не остана без номинации за Карате федерацијата на РС Македонија. И оваа година во категоријата Млад спортист на годината беше прогласен Витомир Трајковски кој ова признание го доби благодарение на освоеното трето место на ЕП за каратисти до 21 година во Кипар.

Македонската карате репрезентација изминатата година имаше свој настап и на Светското првенство во Будимпешта каде за жал и покрај одличниот подготвителен период во кој во нашата

држава ја вгостивме и репрезентацијата на Хрватска на тренинг кампот во Охрид, Македонија не успеа да освои медал.

Во 2023 година традиционално карате репрезентацијата на Македонија учествуваше на Европското првенство кое се одржа во Гвадалахара, Шпанија. Македонија на овој шампионат ја претставуваа 15 каратисти во ката и борби.

Успешна година имаше и младата Данка Стојкова која на Медитеранското првенство во Тунис успеа да го освои златниот медал во категоријата ката. Покрај златниот медал на Стојкова, одличја за Македонија освоија и: Андреј Басаров и Бесарт Мемети кои се закитија со сребро, како и Или Билјали кој освои бронзен медал.

Карате репрезентацијата имаше забележителен настап и на Балканското првенство за сениори и ветерани што се одржа во Тирана, Р. Албанија. Македонската репрезентација натпреварувањето го заврши со девет освоени медали, меѓу кои сребрените медали на Викторија Јовановска (-61 килограми), Емил Павлов (-67 килограми), Берат Јакупи (+84 килограми), како и машките кумите и ката тимови. Со бронза се закитија Вероника Костовска (-61 килограм), Фахик Весели (-60 килограми), Петар Заборски (-75 килограми) како и женскиот кумите тим.

Карате репрезентацијата на Македонија свој настап имаше и на Балканското првенство за кадети, јуниори и помлади У21 кое се одржа во Љубљана, Словенија. Македонија на ова натпреварување настапи со 96 спортисти, а на крајот заврши со девет освоени медали. Најголем успех, односно освојување на златен медал на ова натпреварување освоија: Бесарт Мемети (јуниори -55 килограми), Или Биљаљи (јуниори -68 килограми) и кумите тимот. Сребрен медал, односно второ место освои Цветан Маргаритов (кадети -57 килограми). На ова првенство со бронза се закитија: Кенза Фетаи (кадетки -61 килограм), Сара Дука (јуниорки -48 килограми), Михаела Мишовска (-50 килограми У21), Стефан Стојановиќ (+84 килограми У21).

По оваа точка збор зеде и потпретседателот на КФРСМ г-дин Бесник Мурати кој како официјално лице ја претставуваше Федерацијата на сите меѓународни настапи на нашата репрезентација изминатата година. Меѓу другото тој истакна дека на сите настапи меѓународната сцена се користела приликата за одржување на конгреси, седници или состаноци со учесници и претствници од светската, европската или балканската федерација за организација на актуелни прашања од каратето.

Свое излагање имаше и селекторот за сениори во борби Александар Кузмановски кој накратко се осврна околу настапите на сениорската репрезентација во изминатата година. Во својот говор тој истакна дека не е задоволен од прикажаното и дека е потребна поголема ангажираност на сите за постигнување на повисоки спортски резултати.

По истата точка реферираше и претседателот на Судиската комисија Благој Атанасов, кој даде свој осврт на работата на оваа комисија за изминатата 2023 година. Во своето излагање беа истакнати сите учества на наши судии на сите домашни и меѓународни првенства кои се вклучени во календарот на натпревари на Карате федерацијата. Меѓу другото кажа дека сите делегирани судии професионално си ја завршиле зададената задача.

За работата на Натпреварувачката комисија свое излагање имаше Зоран Дервишов кој ги наведе сите државни и клубски натпревари кои беа реализирани од страна на оваа комисија во изминатата 2023 година, за одржаниот семинар за обука на нови членови на комисијата како и за извршените рангирања за потребите на Федерацијата при аплицирање на конкурси организирани од страна на Агенцијата за млади и спорт.

Свое излагање имаше и поранешниот претседател на КФМ, г-дин Јован Лазарев кој исто така даде свои предлози во смисла на подобрување на работата на Федерацијата.

По дискусијата Собранието ја донесе следната

ОДЛУКА

СЕ УСВОЈУВА Извештајот за работа на Карате федерацијата на РС Македонија, за периодот 01.01.2023 до 31.12.2023 година.

Извештајот да се објави на ВЕБ страната на Федерацијата

Точка 7

По разгледување на извештајот на Одборот за контрола, едногласно, се донесе следната

ОДЛУКА

СЕ УСВОЈУВА Извештајот за работа на Одбор за контрола на Карате федерацијата на Македонија, за периодот 01.01.2023 до 31.12.2023 година.

Извештајот на Одборот за контрола преставува составен дел на извештајот за работа на Карате федерацијата на РС Македонија.

Точка 8

Во врска со деветата точка од дневниот ред за усвојување на Финансов извештај на Карате федерацијата на РС Македонија за 2023 година и Завршната сметка, за периодот 01.01.2023 до 31.12.2023 година, извештај поднесе претставникот на Стручната служба при сервисното сметководство при Сојузот на спортски федерации Светлана Хаџиванова.

Бидејќи немаше забелешки по однос на Финансискиот извештај за 2023 година, истиот се стави на гласање и Собранието едногласно ја донесе следната

ОДЛУКА

СЕ УСВОЈУВА Фанансикиот извештајот и Завршната сметка за работа на Карате федерацијата на РС Македонија за 2023 година.

Точка 9

Претседателот даде образложение за Програмата за работа на Карате федерацијата на Македонија и Финансискиот план за периодот 01.01.2024 до 31.12.2024 година, членовите на Извршниот одбор им предлагаат на членовите на Собранието на КФРСМ истиот да го прифатат.

По однос на оваа точка Собранието едногласно ја донесе следната

ОДЛУКА

СЕ УСВОЈУВА Програмата за работа на Карате федерацијата на РС Македонија и Финансискиот план за периодот 01.01.2024 до 31.12.2024 година.

Точка 10

Разно, предлози, прашања.

По оваа точка од дневниот ред немаше предлози и прашања.

Собранието констатира дека се изцрпени сите точки од дневниот ред и заврши со својата работа.

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА РС МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ 01.01.2024 ДО 31.12.2024 ГОДИНА

Вовед

Како и претходните години така и оваа 2024 година Карате федерацијата на РС Македонија покажа дека е една од водечките федерации во нашата земја. Три освоени медали од најголемите три првенства во годината се само доказ за посветената работа на сите карате клубови.

Македонската карате репрезентација годинава имаше на Европското првенство во Задар, Хрватска, каде повторно испиша историја. Михаела Мишовска постигна одличен успех освојувајќи го сребрениот медал со кој Македонија се вброи во нациите кои освоија медали на шампионатот. Одличен настап на шампионатот имаше и Петар Заборски кој стигна до борбата за бронзениот медал каде загуби од Тијаго Дуарте од Португалија и со тоа заврши на петто место на стариот континент.



Михаела Мишовска, ЕП сениори 2024 Задар, Хрватска

Во 2024 година карате репрезентативците имаа настап и на Светското првенство за кадети, јуниори и помлади сениори У21 во Венеција, Италија, каде неверојатен резултат имаше Стефан Стојановиќ. Стојановиќ освои бронзен медал откако во борбата за третото место победи против претставникот од Германија, Николај Секот со 3-2



. Стефан Стојановиќ и Петар Белистојаноски, СП кадети, јуниори и У21 2024 Венеција, Италија

Карате репрезентацијата донесе медал и од Европското првенство за кадети, јуниори и помлади сениори У21 кое се одржуваше во Тбилиси, Грузија. Со медал се закити Витомир Трајковски кој освои сребро. Во финалето Трајковски загуби од ерменскиот каратист, Нерсисиан Гор.



Витомир Трајковски, сребрен медал на ЕП кадети, јуниори и У21 2024, Тбилиси, Грузија

Карате репрезентацијата на РС Македонија во 2024 година имаше настап и на Медитеранското карате првенство кое што се одржа во Олбија, Сардинија, Италија. Нашите каратисти на ова првенство настапуваа само во сениорска категорија каде освоија три медали. Со медал се закитија Данка Стојкова (сребро) и Јована Манчевска (бронза) ката жени и Михеал Мишовска кумите сениорки до 50 килограми.



Карате репрезентација Медитеранско првенство 2024, Олбија, Сардинија

За првпат во историјата карате репрезентативците настапи и на Светското тимско првенство, кое што се одржа во Памплона, Шпанија. Кумите тимот на ова првенство славеше победа против Австралија во групната фаза, додека загуби од Иран и Хрватска со што го заврши настапот на овој шампионат. Ката тимот на Македонија,

Ката тимот во групната фаза доживеа тесни порази од Египет, Италија и Бразил.



Карате репрезентација Светско тимско првенство 2024, Памплона, Шпанија

Карате репрезентацијата имаше неверојатен настап на Балканските првенства во 2024 година во сите категории, од тоа за деца до сениорското.

На сениорското Балканско првенство кое што се одржа во Подгорица, Црна Гора, нашата репрезентација освои вкупно осум бронзени медали: Викторија Јовановска (кумите жени -61кг), Вероника Костовска (кумите жени -67кг), Фахик Весели (кумите мажи -60кг), Емил Павлов (кумите мажи -67кг), Љупче Михајлов (кумите мажи -75кг), женски кумите тим (Костовска, Мицовска, Мојсовса, Јовановска) и машки кумите тим (Божовиќ, Михајлов, Мисини, Павлов, Мурати, Заборски, Трајковски).



Сениорска репрезентација Балканско првенство, Подгорица, Црна Гора

На Балканското првенство за кадети, јуниори и помлади сениори У21 кое што се одржа во Сараево, Босна и Херцеговина, нашата репрезентација стигна до рекорден број на медали. Настапот на шампионатот Македонија го заврши со 18 медали од кои четири златни, што беше доволно за четврто место на ранг-листата. Со златен медал на шампионатот се закитија Душица Бреслиева (кумите кадети женски -54кг), Андреј Стојчевски (кумите кадети машки -61кг), Матеј Белистојаноски (кумите У21 мажи -67кг) и Љупче Михајлов (кумите У21 машки -75кг).

Репрезентација Балканско првенство кадети, јуниори и У21 2024, Сараево, БиХ



Настап нашата репрезентација имаше и на Балканското првенство за деца кое што се одржа во Истанбул, Турција. Македонија на овој шампионат настапи со 119 натпреварувачи, а на крајот освои пет медали. Со злато се закити Марко Џорлев до 13 години кумите -50 килограми, а медали освоија и: Ринар Билали 12 години кумите машки -37кг (сребро), Ајан Муареми 11 години кумите машки -40 килограми (бронза), Ерјона Емини 13 години кумите женски -44кг (бронза) и 12-13 години ката тим машки (бронза).



Репрезентација на Балканскот првенство за деца 2024, Истанбул, Турција

Еден од најдобрите македонски женски карате тренери, Ивана Аврамова беше прогласена за најуспешен женски тренер за 2024 година на традиционалната манифестација „Златна Олимпија“ организирана од Македонскиот олимписки комитет.



Ивана Аврамова, добитничка на Златна олимпија од Македонскиот олимписки комитет

- **Активности на КФРСМ,**

Карате федерацијата на РС Македонија на почетокот на годината го донесе и го објави Календарот на натпревари за 2024 година:

КАЛЕНДАР НА НАТПРЕВАРИ ЗА 2024 ГОДИНА		
ВРЕМЕ	**НАСТАН**	**ЛОКАЦИЈА**
МЕЃУНАРОДНА ПРОГРАМА		
12-14.01.2024	СКФ Серија А	Атина, Грција
26-28.01.2024	СКФ Премиер лига	Париз, Франција
09-11.02.2024	**Европско првенство за кадети,**	**Тбилиси, Грузија**
16-18.02.2024	СКФ Серија А	Ларнака, Кипар
22-25.02.2024	СКФ Младинска лига	Фуџарах, ОАЕ
23-25.02.2024	**Балканско Првенство за сениори и**	**Подгорица, Црна**
15-17.03.2024	СКФ Премиер лига	Анталија, Турција
19-21.04.2024	СКФ Премиер лига	Каиро, Египет
08-12.05.2024	**Европско првенство за сениори**	**Задар, Хрватска**
16-19.05.2024	СКФ Младинска лига	Ла Коруна, Шпанија
31.05-02.06.2024	**Балканско Првенство за деца**	**Романија**
31.05-02.06.2024	СКФ Премиер лига	Казабланка, Мароко
24-26.06.2024	СКФ Младински камп	Пореч, Хрватска
27-30.06.2024	**СКФ Младинска лига**	**Пореч, Хрватска**
08-11.08.2024	СКФ Младинска лига	Канкун, Мексико
13-15.09.2024	СКФ Серија А	Салзбург, Австрија
20-22.09.2024	**Медитеранско првенство**	**Олбиа, Сардинија,**
09-13.10.2024	**Светско првенство за кадети,**	**Венеција, Италија**
08-10.11.2024	**Балканско Првенство за кадети,**	**Грција**
22-24.11.2024	**СКФТимско првенство Светски куп)**	**Памплона, Шпанија**
05-08.12.2024	СКФ Премиер лига	Венеција, Италија
ДРЖАВНА ПРОГРАМА		
30.03.2024	Државно првенство за сениори	Скопје
06-07.04.2024	Плеј-оф турнир за сениори	Скопје
27-28.04.2024	Државно првенство за деца	Гевгелија
31.08 - 01.09.2024	Куп на Македонија за кадети, јуниори	Охрид
07-08.09.2024	Плеј-оф турнир за кадети, јуниори и	Кичево
30.11 - 01.12.2024	Државно првенство за кадети, јуниори	Конкурс
14.12 - 15.12.2024	Плеј-оф турнир за кадети, јуниори и	Конкурс
КЛУПСКИ ТУРНИРИ		
09.03.2024	Фунакоши Гичин Опен 2024	Скопје
17.03.2024	Штипски асови 2024	Штип
31.03.2024	Гранд прих Македонија Опен 2024	Скопје
13.04.2024	Олимпик Опен 2024	Скопје
11.05.2024	Лорд Куп 2024	Скопје
18.05.2024	Солидарност Опен 2024	Скопје
25.05.2024	Охрид Опен 2024	Охрид
21.09.2024	Тетово Опен 2024	Тетово
28-29.9.2024	Струга Опен 2024	Струга
05.10.2024	Гргдановски Никола - Ника	Скопје
12.10.2024	Ѓорче Петров Опен 2024	Скопје
19.10.2024	Златен Куп Тетово	Тетово
02.11.2024	5ти Ноември	Дојран
16.11.2024	13ти Ноември	Скопје

Репрезентативците на Карате федерацијата на РС Македонија во сениорска конкуренција настапија на следните меѓународни првенства:

СЕНИОРСКИ ПРВЕНСТВА

Европско првенство за сениори Задар 2024

Време и место на одржување: 08-12.05.2024, Задар, Хрватска

Учество и постигнати резултати:

Име и презиме	Карате клуб	Старосна категорија	Дисциплина	Пласман	Победи
МИШОВСКА МИХАЕЛА	ОЛИМПИК СПОРТ 2007 - СКОПЈЕ	сениори	кумите	2-ро место	4
ГЕОРГИЕВА ЈОВАНА	ОЛИМПИК СПОРТ 2007 - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	0
КОСТОВСКА ВЕРОНИКА	ОЛИМПИК СПОРТ 2007 - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	1
МОЈСОВСКА АНГЕЛА	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	1
ШАЌИРИ НЕДИМ	РИНИА – МАТЕЈЧЕ	Сениори	кумите	без пласман	1
СПАСОВСКИ ДАВИД	ФУНАКОШИ ГИЧИН - СКОПЈЕ	сениори	ката	без пласман	0
БЕЛИСТОЈАНОСКИ МАТЕЈ	ОЛИМПИК СПОРТ 2007 - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	1
ПАВЛОВ ЕМИЛ	ШТИП - ШТИП	сениори	ката	без пласман	1
МИСИНИ МУРСЕЛ	БАШКИМИ 2002 - КУМАНОВО	сениори	ката	без пласман	0
СПАСЕНОВСКИ ПЕТАР	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	ката	без пласман	1
ЈАКУПИ БЕРАТ	АСИАРТ - ГОСТИВАР	сениори	ката	без пласман	0
БАЈОВСКИ КРИСТИЈАН	ФУНАКОШИ ГИЧИН - СКОПЈЕ	сениори	ката тим	без пласман	1
СПАСОВСКИ ДАВИД	ФУНАКОШИ ГИЧИН - СКОПЈЕ	сениори	ката тим	без пласман	1
СПАСОВСКИ АЛЕКСАНДАР	ФУНАКОШИ ГИЧИН - СКОПЈЕ	сениори	ката тим	без пласман	1
МОЈСОВСКА АНГЕЛА	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите тим женски	без пласман	2
КОСТОВСКА ВЕРОНИКА	ОЛИМПИК СПОРТ 2007 - СКОПЈЕ	сениори	кумите тим женски	без пласман	2
ЈОВАНОВСКА ВИКТОРИЈА	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите тим женски	без пласман	2
ЈАКУПИ БЕРАТ	АСИАРТ - ГОСТИВАР	сениори	кумите тим машки	без пласман	0
ПАВЛОВ ЕМИЛ	ШТИП - ШТИП	сениори	кумите тим машки	без пласман	0
МИСИНИ МУРСЕЛ	БАШКИМИ 2002 - КУМАНОВО	сениори	кумите тим машки	без пласман	0
ЗАБОРСКИ ПЕТАР	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите тим машки	без пласман	0
СТОЈАНОВИЌ СТЕФАН	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите тим машки	без пласман	0
СПАСЕНОВСКИ ПЕТАР	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите тим машки	без пласман	0
ХАЦИ-КИМОВ ГРИГОР	ШТИП - ШТИП	сениори	кумите тим машки	без пласман	0

Медитеранско првенство Олбиа, Сардинија 2024

Време и место на одржување: 20-22.09.2024, Олбиа, Сардинија, Италија
Учество и постигнати резултати:

БЕЛИСТОЈАНОСКИ МАТЕЈ	ОЛИМПИК СПОРТ 2007 - СКОПЈЕ	сениори	кумите тим машки	без пласман	0
БЕЛИСТОЈАНОСКИ МАТЕЈ	ОЛИМПИК СПОРТ 2007 - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	1
МИСИНИ МУРСЕЛ	БАШКИМИ 2002 - КУМАНОВО	сениори	кумите	без пласман	1
МИСИНИ МУРСЕЛ	БАШКИМИ 2002 - КУМАНОВО	сениори	кумите тим машки	без пласман	0
ПЕТКОВ ДАВИД	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите тим машки	без пласман	0
ПЕТКОВ ДАВИД	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	0
СТОЈАНОВИЌ СТЕФАН	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите тим машки	без пласман	0
СТОЈАНОВИЌ СТЕФАН	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	0
ВЕСЕЛИ ФАХИК	ОЛИМПИК СПОРТ 2007 - СКОПЈЕ	сениори	кумите тим машки	без пласман	0
ВЕСЕЛИ ФАХИК	ОЛИМПИК СПОРТ 2007 - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	1
ЗАБОРСКИ ПЕТАР	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите тим машки	без пласман	0
ЗАБОРСКИ ПЕТАР	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	0
ЃУРЧИНОСКА ТАМАРА	КУНСУТО - ОХРИД	сениори	кумите тим женски	без пласман	1
МИШОВСКА МИХАЕЛА	ОЛИМПИК СПОРТ 2007 - СКОПЈЕ	сениори	кумите	3-то	0
МИШОВСКА МИХАЕЛА	ОЛИМПИК СПОРТ 2007 - СКОПЈЕ	сениори	кумите тим женски	без пласман	1
МОЈСОВСКА АНГЕЛА	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	0
МОЈСОВСКА АНГЕЛА	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите тим женски	без пласман	1
ЗАБОРСКА СИМОНА	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	0
ЗАБОРСКА СИМОНА	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите тим женски	без пласман	1
МАНЧЕВСКА ЈОВАНА	ФУНАКОШИ ГИЧИН - СКОПЈЕ	сениори	ката	без пласман	0
СТОЈКОВА ДАНКА	САНСАИ МЕТАЛ АПОСТОЛОВ	сениори	ката	без пласман	0
МАНЧЕВСКА ЈОВАНА	ФУНАКОШИ ГИЧИН - СКОПЈЕ	сениори	Ката на песок	3-то	2
СТОЈКОВА ДАНКА	САНСАИ МЕТАЛ АПОСТОЛОВ	сениори	Ката на песок	2-ро	3

Балканско Првенство за сениори и ветерани Подгорица 2024

Време и место на одржување: 20-25.02.2024, Подгорица, Црна Гора
Учество и постигнати резултати:

Име и презиме	Карате клуб	Старосна категорија	Дисциплина	Пласман	Победи
БОЖОВИЌ ДАНИЛО	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите тим машки	3-то	1
МИХАЈЛОВ ЉУПЧЕ	ШТИП - ШТИП	сениори	кумите тим машки	3-то	1
МИСИНИ МУРСЕЛ	БАШКИМИ 2002 - КУМАНОВО	сениори	кумите тим машки	3-то	1
МУРАТИ ВЕГИМ	ШКЕНДИЈА - ТЕТОВО	сениори	кумите тим машки	3-то	1
ПАВЛОВ ЕМИЛ	ШТИП - ШТИП	сениори	кумите тим машки	3-то	1
ТРАЈКОВСКИ ВИТОМИР	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите тим машки	3-то	1
ЗАБОРСКИ ПЕТАР	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите тим машки	3-то	1
ЈОВАНОВСКА ВИКТОРИЈА	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите тим женски	3-то	2
КОСТОВСКА ВЕРОНИКА	ОЛИМПИК СПОРТ 2007 - СКОПЈЕ	сениори	кумите тим женски	3-то	2
МОЈСОВСКА АНГЕЛА	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите тим женски	3-то	2
МИЦОВСКА ЈОВАНА	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите тим женски	3-то	2

БОЖОВИЌ ДАНИЛО	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	0
ЛОЗАНОСКИ ДИМИТАР	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	1
МИХАЈЛОВ ЉУПЧЕ	ШТИП - ШТИП	сениори	кумите	3-то	4
МИСИНИ МУРСЕЛ	БАШКИМИ 2002 - КУМАНОВО	сениори	кумите	без пласман	0
МУРАТИ ВЕГИМ	ШКЕНДИЈА - ТЕТОВО	сениори	кумите	без пласман	0
ПАВЛОВ ЕМИЛ	ШТИП - ШТИП	сениори	кумите	3-то	3
ПЕТКОВ ДАВИД	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	0
ТРАЈКОВСКИ ВИТОМИР	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	0
ВЕСЕЛИ ФАХИК	ОЛИМПИК СПОРТ 2007 - СКОПЈЕ	сениори	кумите	3-то	3
ЗАБОРСКИ ПЕТАР	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	0
ЦВЕТКОСКА ТЕОДОРА	ВАРДАР - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	0
ЈОВАНОВСКА ВИКТОРИЈА	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	3-то	3
КОСТОВСКА ВЕРОНИКА	ОЛИМПИК СПОРТ 2007 - СКОПЈЕ	сениори	кумите	3-то	2
МОЈСОВСКА АНГЕЛА	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	0
МИЦОВСКА ЈОВАНА	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	0
МИШОВСКА МИХАЕЛА	ОЛИМПИК СПОРТ 2007 - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	2
ПЕТРОВСКА МАРИЈА	КИЗАМЕ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	2

СКФ Тимско првенство Памплона 2024

Време и место на одржување: 09-13.10.2024, Памплона, Шпанија

Учество и постигнати резултати:

Име и презиме	Карате клуб	Старосна категорија	Дисциплина	Пласман	Победи
АНДРЕЈ СТОЈАНОВСКИ	ФУНАКОШИ ГИЧИН - СКОПЈЕ	сениори	Ката екипно	без пласман	0
МАРКО ПОПТОДОРОВ	ГЛАДИЈАТОР - ВЕЛЕС	сениори	Ката екипно	без пласман	0
МАРКО ДИМОВСКИ	ГЛАДИЈАТОР - ВЕЛЕС	сениори	Ката екипно	без пласман	0
МАТЕЈ БЕЛИСТОЈАНОВСКИ	ОЛИМПИК СПОРТ 2007 - СКОПЈЕ	сениори	Кумите екипно	без пласман	1
БОЖОВИЌ ДАНИЛО	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	Кумите екипно	без пласман	1
ЈАКУПИ БЕРАТ	АСИАРТ - ГОСТИВАР	сениори	Кумите екипно	без пласман	1

МИХАЈЛОВ ЉУПЧЕ	ШТИП - ШТИП	сениори	Кумите екипно	без пласман	1
МУРСЕЛ МИСИНИ	БАШКИМИ 2002 - КУМАНОВО	сениори	Кумите екипно	без пласман	1
ПАВЛОВ ЕМИЛ	ШТИП - ШТИП	сениори	Кумите екипно	без пласман	1
СПАСЕНОВСКИ ПЕТАР	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	Кумите екипно	без пласман	1
СТОЈАНОВИЌ СТЕФАН	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	Кумите екипно	без пласман	1

СКФ Премиер лига Париз 2024

Време и место на одржување: 26-28.01.2024, Париз, Франција

Учество и постигнати резултати:

Име и презиме	Карате клуб	Старосна категорија	Дисциплина	Пласман	Победи
ЗАБОРСКИ ПЕТАР	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	1

СКФ Премиер лига Анталија 2024

Време и место на одржување: 15-17.03.2024, Анталија, Турција

Учество и постигнати резултати:

Име и презиме	Карате клуб	Старосна категорија	Дисциплина	Пласман	Победи
СПАСЕНОВСКИ ПЕТАР	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	2
ЗАБОРСКИ ПЕТАР	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	7-мо	3

СКФ Премиер лига Каиро 2024

Време и место на одржување: 19-21.03.2024, Каиро, Египет

Учество и постигнати резултати:

Име и презиме	Карате клуб	Старосна категорија	Дисциплина	Пласман	Победи
СПАСЕНОВСКИ ПЕТАР	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	7-мо	3
ЗАБОРСКИ ПЕТАР	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	1
КОСТОВСКА ВЕРОНИКА	ОЛИМПИК СПОРТ 2007 - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	0

СКФ Премиер лига Казабланка 2024

Време и место на одржување: 31.05-02.06.2024, Казабланка, Мароко

Учество и постигнати резултати:

Име и презиме	Карате клуб	Старосна категорија	Дисциплина	Пласман	Победи
СПАСЕНОВСКИ ПЕТАР	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	0
ЗАБОРСКИ ПЕТАР	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	0

СКФ Серија А Атина 2024

Време и место на одржување: 12-14.01.2024, Атина, Грција
Учество и постигнати резултати:

Име и презиме	Карате клуб	Старосна категорија	Дисциплина	Пласман	Победи
ХАЛИМИ ДРИТОН	ФАТИ - ТЕТОВО	сениори	кумите	без пласман	0
МИХАЈЛОВ ЉУПЧЕ	ШТИП - ШТИП	сениори	кумите	без пласман	3
ПЕТКОВ ДАВИД	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	1
СПАСЕНОВСКИ ПЕТАР	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	2
СТОЈАНОВИЌ СТЕФАН	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	0
ТРАЈКОВСКИ ВИТОМИР	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	2
ВЕСЕЛИ ФАХИК	ОЛИМПИК СПОРТ 2007 - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	2
ЗАБОРСКИ ПЕТАР	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	3-то	5
АЛИУ РУДИНА	ЦВЕТАН ДИМОВ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	1
ЈОВАНОВСКА ВИКТОРИЈА	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	1
КОСТОВСКА ВЕРОНИКА	ОЛИМПИК СПОРТ 2007 - СКОПЈЕ	сениори	кумите	3-то	5
МИЦОВСКА ЈОВАНА	МАКПЕТРОЛ - СКОПЈЕ	сениори	кумите	без пласман	0
